Врз основа на член 88 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005,29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010,171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 30/2016, 21/2018 и 245/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 180/2019 и 103/2021) и член 129 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија”бр.07/2008,124/2010, 17/2011 и 13/2013 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 27.2.2023 донесе

**Правилник за сметковниот план,**
**формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи за задолжителните и доброволните пензиски фондови**

**Општи одредби**

**Член 1**

(1) Со овој правилник се пропишува сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи за задолжителните и доброволните пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиски фондови) за кои сметководството се води согласно со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување.

(2) Содржината на сметковниот план е дадена во Прилог бр.1, формата и содржината на основните финансиски извештаи во Прилог бр.2, формата и содржината на дополнителните финансиски извештаи се дадени во Прилог бр.3 и белешките кон финансиските извештаи во Прилог бр.4, како составни делови од овој правилник.

**Член 2**

(1) Состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, нето средствата и промените на нето средствата расположливи за пензии односно пензиски надоместоци се евидентираат на синтетички (трицифрени) сметки на сметковниот план, согласно сметководствениот план даден во Прилог 1.

(2) Пропишаните синтетички (трицифрени) сметки можат да се расчленуваат на аналитички сметки.

**Изготвување на финансиските извештаи, доставување со Агенцијата и објавување**

**Член 3**

Финансиските извештаи од Прилог 2 и 3 на овој правилник и белешките кон финансиските извештаи од Прилог 4 на овој правилник, за првото тромесечие, за првото полугодие и првите девет месеци, друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво) е должно да ги изработи и достави до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во електронска форма. Финансиските извештаи од Прилог 2 и 3 на овој правилник се доставуваат во ексел табела со тоа што првата страна треба да ги содржи следните податоци: назив на пензиското друштво, назив на пензискиот фонд, валута (денар), почетна вредност на сметководствената единица, датум на почеток на работа, период на известување и чувар на имот а белешките кон финансиските извештаи од Прилог 4 на овој правилник се доставуваат во ворд документ. Податоците се доставуваат рок од 30

дена од последниот ден на пресметковниот период. Годишните неревидирани финансиски извештаи се доставуваат во рок од 30 дена од последниот ден на деловната година, а годишните ревидирани финансиски извештаи во рок од 90 дена од последниот ден на деловната година.

**Член 4**

(1) Пензиското друштво треба да ги објави годишните ревидирани финансиски извештаи од Прилогот 2 од Образец бр.1 до Образец бр.5 и од Прилогот 3 од Образец бр.6 до Образец бр.10 од овој правилник, на неговата веб страна, во рок од 5 работни дена од денот на доставување до Агенцијата.

(2) При објавувањето на финансиските извештаи за првото тромесечие, првото полугодие и за првите девет месеци од пресметковната година, пензиското друштво треба да ги објави финансиски извештаи од прилог 2 и дополнителните извештаи од прилог 3 од овој правилник на неговата веб страна, во рок од 5 работни дена од денот на доставување до Агенцијата.

**Член** 5

Со отпочнување на примена на овој правилник престанува да важи Правилникот за сметковниот план, формата и содржината на основните финансиски извештаи и дополнителните извештаи за задолжителните и доброволните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. "бр.138/2008 и 32/2018) .

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-357/8
28.2.2023 година
С к о п ј е

Претседател на Совет на експерти,
Максуд Али с.р

Прилог 1

**СМЕТКОВЕН ПЛАН ЗА**

**ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ**

**КЛАСА 1**

**ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА**

**10 - Парични средства**

100 - Денарски сметки во домашни банки

101 - Девизни сметки во домашни банки

102 - Девизни сметки во странски банки

**11 - Побарувања од продажба на хартии од вредност**

110 - Побарувања врз основа на продажба на хартии од вредност

111 - Останати побарувања врз основа на продажба на хартии од вредност

119 - Вредносно усогласување на побарувањата од продажба на хартии од вредност

**12 - Побарувања по основ на вложувања**

120 - Побарувања врз основа на пресметана камата

121 - Побарувања по основ на дивиденди

122 - Побарување за главнина од должнички хартии од вредност и депозити

123 - Останати побарувања по основ на вложувања

129 - Вредносно усогласување на побарувањата од вложувања

**13 - Побарувања од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување**

130 - Побарувања од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија врз основа на уплатени придонеси

131 - Останати побарувања од Фондот на ПИОМ

139 - Вредносно усогласување на побарувањата од Фондот на ПИОМ

**14 - Побарувања од други пензиски фондови**

140 - Побарувања од други пензиски фондови по основ на промена на членство

141 - Останати побарувања од други пензиски фондови

149 - Вредносно усогласување на побарувањата од други пензиски фондови

**15 - Побарувања за дадени аванси**

150 - Побарувања за дадени аванси

**16 - Побарувања од пензиските друштва или од чуварот на имот**

160 - Побарувања од пензиските друштва

161 - Побарувања од чуварот на имот

169 - Вредносно усогласување на побарувањата од пензиските друштва и од чуварот на имот

**17 - Побарувања од државата и други институции**

170 - Побарувања за повеќе платен данок за добивка (поврат на данок)

171 - Побарувања за повеќе платен персонален данок на доход

172 - Побарувања од буџетот на Р. Македонија согласно член 125 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

173 - Останати побарувања од државата и други институции

179 - Вредносно усогласување на побарувањата од државата и други институции

**18 - Побарувања за хартии од вредност купени директно од издавачот**

180 - Побарувања за краткорочни должнички хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

181 - Побарувања за долгорочни должнички хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

182 - Побарувања за сопственички хартии од вредност издадени од домашни акционерски друштва кои котираат на официјалниот пазар на берзите во Република Северна Македонија што ги контролира Комисијата за хартии од вредност или кои котираат во странство

183 - Побарувања за запишани удели во отворени инвестициони фондови во Република Северна Македонија

184 - Побарувања за должнички хартии од вредност издадени од акционерски друштва кои котираат на официјалниот пазар на берзите во Република Северна Македонија што го контролира Комисијата за хартии од вредност

185 - Побарувања за должнички хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки

186 - Побарувања за должнички хартии од вредност кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, издадени од недржавни, странски компании или банки

187 - Побарувања за сопственички хартии од вредност издадени од странски компании или банки

188 - Побарувања за документи за удел, акции и други хартии од вредност издадени од странски инвестициони фондови

189 - Вредносно усогласување за побарувањата за хартии од вредност купени директно од издавачот

**19 - Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР)**

190 - Пресметани а недостасани камати од краткорочни должнички хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

191 - Пресметани а недостасани камати од долгорочни должнички хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

192 - Пресметани а недостасани камати од дадени депозити и одобрени кредити

193 - Пресметани а недостасани камати за должнички хартии од вредност издадени од акционерски друштва во Република Северна Македонија

194 - Пресметани а недостасани камати за должнички хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки

195 - Пресметани а недостасани камати за должнички хартии од вредност издадени од недржавни, странски компании или банки

199 - Други активни временски разграничувања

## КЛАСА 2
## ОБВРСКИ

**20 - Обврски за неконвертирни придонеси**

200 - Обврски за неконвертирани придонеси

**21 - Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност, депозити и пласмани**

210 - Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност

211 - Обврски по основ на вложувања во пласмани и депозити

219 - Останати обврски по основ на вложувања во хартии од вредност, пласмани и депозити

**22 - Обврски за исплата спрема членовите на пензискиот фонд - достасани и неисплатени**

220 - Обврски за програмирани повлекувања

221 - Обврски за исплати на институциите овластени за обезбедување на пензиски ануитет

222 - Обврски за еднократни исплати

223 - Обврски за исплати на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија - во случај на инвалидност

224 - Обврски за исплати на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија - во случај на смрт

225 - Даноци од исплата на пензија односно пензиски надомест (персонален данок на доход)

229 - Останати обврски за исплата

**23 - Обврски за пренос на средства на други пензиски фондови по основ на промена на членство**

230 - Обврски за пренос на средства во други пензиски фондови по основ на промена на членство

239 - Останати обврски за пренос на средства на други пензиски фондови по основ на промена на членство

**24 - Краткорочни обврски по основ на заеми и кредити**

240 - Главнина по основ на заеми и кредити во земјата

241 - Камата по основ на заеми и кредити во земјата

249 - Останати краткорочни обврски по основ на заеми и кредити

**25 - Долгорочни обврски по основ на заеми и кредити**

250 - Главнина по основ на заеми и кредити во земјата

251 - Камата по основ на заеми и кредити во земјата

259 - Останати долгорочни обврски по основ на заеми и кредити

**26 - Обврски кон пензиското друштво и кон чуварот на имот**

260 - Обврски по основ на надоместоци од уплатените придонеси

261 - Обврски по основ на надоместоци од нето средствата на пензискиот фонд

262 - Обврски по основ на надоместок за пренос

263 - Обврски кон чуварот на имот

269 - Останати обврски кон пензиското друштво и кон чуварот на имот

**27 - Обврски за брокерски и посреднички провизии**

270 - Обврски за брокерски провизии

279 Останати обврски за посреднички провизии

**28 - Останати обврски на пензискиот фонд**

280 - Останати обврски на пензискиот фонд

**29 - Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди (ПВР)**

290 - Пресметани а недостасани камати од заеми и кредити

299 - Останати пасивни временски разграничувања

## КЛАСА 3

## ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ТРГУВАЊЕ

**30 - Краткорочни хартии од вредност и удели во отворени инвестициони фондови кои се чуваат за тргување.**

300 - Државни записи и други краткорочни хартии од вредност издадени или гарантирани од Р. Македонија

301 - Благајнички записи и други краткорочни хартии од вредност издадени или гарантирани од НБРМ

302 - Комерцијални записи или други хартии од вредност издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од НБРМ

303 - Комерцијални записи издадени од домашни акционерски друштва освен банки

304 - Документи за удел во инвестициони фондови

305 - Краткорочни хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки

306 - Краткорочни хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки

307 - Документи за удел во странски инвестициони фондови

309 - Вредносно усогласување на краткорочните хартии од вредност и уделите во отворени инвестициони фондови кои се чуваат за тргување

**31 - Хартии од вредност издадени од домашни издавачи кои котираат на официјалниот пазар на берзите во Р. Македонија и странство, и кои се чуваат за тргување**

310 - Обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Р. Македонија
311 - Обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира НБРМ
312 - Акции издадени од домашни акционерски друштва
313 - Обврзници или други хартии од вредност издадени од акционерски друштва, освен банки
314 - Обврзници или други хартии од вредност издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од НБРМ
315 - Акции од затворени инвестициони фондови
316 - Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола од НБРМ
317 - Други хартии од вредност
319 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност кои котираат на официјалниот пазар на берзите во Р. Македонија и странство и кои се чуваат за тргување

**32 - Хартии од вредност издадени од странски издавачи кои котираат на официјален пазар на странска берза и кои се чуваат за тргување**

320 - Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
321 - Должнички хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки
322 - Акции издадени од странски акционерски друштва
323 - Акции од странски затворени инвестициони фондови
324 - Други хартии од вредност
329 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност кои котираат на официјалниот пазар на странска берза и кои се чуваат за тргување

**39 - Други хартии од вредност со кои не се тргува на регулирани пазари и кои се чуваат за тргување**

390 - Сертификати за депозит
391 - Други должнички хартии од вредност
399 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност со кои не се тргува на регулиран пазар

## КЛАСА 4
## ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА КОИ СЕ РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

**40 - Краткорочни хартии од вредност и удели во отворени инвестициони фондови кои се расположливи за продажба**

400 - Државни записи и други краткорочни хартии од вредност издадени или гарантирани од Р. Македонија
401 - Благајнички записи и други краткорочни хартии од вредност издадени или гарантирани од НБРМ
402 - Комерцијални записи или други хартии од вредност издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од НБРМ
403 - Комерцијални записи издадени од домашни акционерски друштва, освен банки
404 - Документи за удел во инвестициони фондови
405 - Краткорочни хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
406 Краткорочни хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки
407 - Документи за удел во странски инвестициони фондови
409 - Вредносно усогласување на краткорочните хартии од вредност и уделите во отворени инвестициони фондови кои се расположливи за продажба

**41 - Хартии од вредност издадени од домашни издавачи кои котираат на официјалниот пазар на берзите во Р. Македонија и странство, и кои се расположливи за продажба**

410 - Обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Р. Македонија
411 - Обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира НБРМ
412 - Акции издадени од домашни акционерски друштва
413 - Обврзници или други хартии од вредност издадени од акционерски друштва, освен банки

414 - Обврзници или други хартии од вредност издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од НБРМ
415 - Акции од затворени инвестициони фондови
416 - Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола од НБРМ
417 - Други хартии од вредност
419 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност кои котираат на официјалниот пазар на берзите во Р. Македонија и странство и кои се расположливи за продажба

**42 - Хартии од вредност издадени од странски издавачи кои котираат на официјалниот пазар на странски берзи и кои се расположливи за продажба**

420 - Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
421 - Должнички хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки
422 - Акции од странски акционерски друштва
423 Акции од странски затворени инвестициони фондови
424 - Други хартии од вредност
429 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност кои котираат на официјалниот пазар на странски берзи и кои се расположливи за продажба

**49 - Други долгорочни хартии од вредност со кои не се тргува на регулирани пазари и кои се расположливи за продажба**

490 - Сертификати за депозит
491 - Други должнички хартии од вредност
499 - Вредносно усогласување на хартиите од вредност со кои не се тргува на регулиран пазар

## КЛАСА 5
## ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ДО ДОСТАСУВАЊЕ

**50 - Краткорочни должнички хартии од вредност кои се чуваат до достасување**

500 - Државни записи и други краткорочни хартии од вредност издадени или гарантирани од Р. Македонија
501 - Благајнички записи и други краткорочни хартии од вредност издадени или гарантирани од НБРМ
502 - Комерцијални записи издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од НБРМ
503 - Комерцијални записи издадени од домашни акционерски друштва, освен банки
504 - Краткорочни должнички хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
505 - Краткорочни должнички хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки
509 - Вредносно усогласување на краткорочните хартии од вредност кои се чуваат до достасување

**51 - Домашни долгорочни должнички хартии од вредност кои се чуваат до достасување**

510 - Обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Р. Македонија
511 - Обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира НБРМ
513 - Обврзници или други хартии од вредност издадени од акционерски друштва, освен банки
514 - Обврзници или други хартии од вредност издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од НБРМ
516 - Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола од НБРМ
517 - Други хартии од вредност
519 - Вредносно усогласување на домашните должнички хартии од вредност кои се чуваат до достасување

**52 - Странски долгорочни должнички хартии од вредност кои се чуваат до достасување**

520 - Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
521 - Должнички хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки

522 - Други хартии од вредност
529 - Вредносно усогласување на странските долгорочни должнички хартии од вредност кои се чуваат до достасување

**53 - Краткорочни депозити**

530 - Орочени денарски депозити и сертификати за депозит до 1 месец
531 - Орочени денарски депозити и сертификати за депозит до една година
532 - Орочени депозити и сертификати за депозит во странска валута во домашни банки до 1 месец
533 - Орочени депозити и сертификати за депозит во странска валута во домашни банки до една година
534 - Орочени депозити и сертификати за депозит во странски банки до 1 месец
535 - Орочени депозити и сертификати за депозит во странски банки до една година
539 - Вредносно усогласување на краткорочните депозити и сертификати за депозит

**54 - Долгорочни депозити**

540 - Денарски депозити и сертификати за депозит
541 - Депозити и сертификати за депозит во странска валута во домашни банки
542 - Депозити и сертификати за депозит во странски банки
549 - Вредносно усогласување на долгорочните депозити и сертификати за депозит

## КЛАСА 6

## РАСХОДИ ПО ОСНОВ НА НАДОМЕСТОЦИ, ПРОВИЗИИ И ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА

**60 - Расходи по основ на надоместоци за пензиското друштво и чуварот на имот**

600 - Надоместок за управување со средствата на пензискиот фонд
601 - Надоместок за чуварот на имот
602 - Останати трошоци кон пензиското друштво и чуварот на имот

**61 - Расходи по основ на камати**

610 - Расходи по основ на камати

**62 - Нереализирани капитални загуби - сведување на фер вредноста**

620 - Нереализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ
621 - Нереализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од домашни банки
622 - Нереализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од домашни акционерски друштва
623 - Нереализирани капитални загуби кај акциите на акционерските друштва и затворените инвестициони фондови
624 - Нереализирани капитални загуби кај уделите во отворени инвестициони фондови во Р. Македонија
625 - Нереализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
626 - Нереализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од

недржавни странски компании или банки
627 - Нереализирани капитални загуби кај акциите издадени од странски акционерските друштва и затворените инвестициони фондови
628 - Нереализирани капитални загуби кај уделите во странски отворени инвестициони фондови

**63 - Реализирани капитални загуби**

630 - Реализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

631 - Реализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од банки
632 - Реализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од акционерски друштва во Р. Македонија
633 - Реализирани капитални загуби кај акциите на акционерските друштва и затворените инвестициони фондови во Р. Македонија
634 - Реализирани капитални загуби кај уделите во отворени инвестициони фондови во Р. Македонија
635 - Реализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
636 - Реализирани капитални загуби кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки
637 - Реализирани капитални загуби кај акциите издадени од странски акционерските друштва и затворените инвестициони фондови
638 - Реализирани капитални загуби кај уделите во странски отворени инвестициони фондови

**64 - Негативни курсни разлики**

640 - Негативни курсни разлики кај паричните средства и депозитите

641 - Негативни курсни разлики од финансиските инструменти кои се расположливи за продажба

642 - Негативни курсни разлики од финансиските инструменти кои се чуваат до достасување

643 - Негативни курсни разлики кај обврските
644 - Негативни курсни разлики кај побарувањата

**65 - Расходи за брокерски провизии и останати посреднички трошоци**

650 - Брокерска провизија

651 - Останати посреднички трошоци

**66 - Загуба поради оштетување**

660 - Загуба поради оштетување на краткорочни хартии од вредност расположиви за продажба

661 - Загуба поради оштетување на хартии од вредност од домашни издавачи, расположиви за продажба
662 - Загуба поради оштетување на хартии од вредност од странски издавачи, расположиви за продажба
663 - Загуба поради оштетување на хартии од вредност со кои не се тргува на регулиран пазар, расположиви за продажба
664 - Загуба поради оштетување на краткорочни хартии од вредност кои се чуваат до достасување
665 - Загуба поради оштетување на домашни долгорочни хартии од вредност кои се чуваат до достасување
666 - Загуба поради оштетување на странски долгорочни хартии од вредност кои се чуваат до достасување

669 - Останати загуби поради оштетување

**69 - Други расходи**

690 - Други расходи

**КЛАСА 7**

**ПРИХОДИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА**

**70 - Приходи по основ на камати**

700 - Приходи по основ на камати од вложувања

701 - Приходи по основ на камати од дадени депозити

702 - Приходи по основ на камати од дадени кредити и пласмани

703 - Амортизација на примијата (дисконтот) на хартиите од вреност кои доспеваат на фиксен датум

**71 - Приходи од дивиденди**

710 - Приходи од дивиденди

**72 - Нереализирани капитални добивки - сведување на фер вредноста**

720 - Нереализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

721 - Нереализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од банки

722 - Нереализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од акционерски друштва во Р. Македонија

723 - Нереализирани капитални добивки кај акциите на акционерските друштва и затворените инвестициони фондови

724 - Нереализирани капитални добивки кај уделите во отворени инвестициони фондови во Р. Македонија

725 - Нереализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки

726 - Нереализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки

727 - Нереализирани капитални добивки кај акциите издадени од странски акционерските друштва и затворените инвестициони фондови

728 - Нереализирани капитални добивки кај уделите во странски отворени инвестициони фондови

**73 - Реализирани капитални добивки**

730 - Реализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од Р. Македонија и НБРМ

731 - Реализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од банки

732 - Реализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од акционерски друштва во Р. Македонија

733 - Реализирани капитални добивки кај акциите на акционерските друштва и затворените инвестициони фондови во Р. Македонија

734 - Реализирани капитални добивки кај уделите во отворени инвестициони фондови во Р. Македонија

735 - Реализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки
736 - Реализирани капитални добивки кај обврзниците и другите хартии од вредност издадени од недржавни странски компании или банки
737 - Реализирани капитални добивки кај акциите издадени од странски акционерските друштва и затворените инвестициони фондови
738 - Реализирани капитални добивки кај уделите во странски отворени инвестициони фондови

**74 - Позитивни курсни разлики**

740 - Позитивни курсни разлики од паричните средства
741 - Позитивни курсни разлики од финансиски инструменти кои се расположиви за продажба
742 - Позитивни курсни разлики од финансиски инструменти кои се чуваат до достасување
743 - Позитивни курсни разлики од обврски
744 - Позитивни курсни разлики од побарувања

**75 - Други неспоменати приходи**

750 - Други неспоменати приходи

**79 - Разлика на приходите и расходите во финансиската година**

790 - Разлика на приходите и расходите во финансиската година

## КЛАСА 9

## ИЗВОРИ НА СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД

**90 - Парични приливи по основ на уплатени придонеси**

900 - **Парични приливи по основ на** уплатени придонеси од членови на пензискиот фонд и физички лица во име и за сметка на членовите
Парични приливи по основ на уплатени придонеси од страна на осигурител
901 - Парични приливи по основ на поврат на персонален данок од страна на државата
902 -

**91 - Парични приливи по основ на преноси на средства од други пензиски фондови од промени на членство**

910 - **Парични приливи по основ на** преноси на средства од други пензиски фондови од промени на членство

**92 - Парични одливи по основ на исплатени пензии/пензиски надомест**

920 - Програмирани повлекувања
921 - Исплати на институциите овластени за обезбедување на пензиски ануитет
922 - Еднократни исплати

923 - Исплати на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија - во случај на инвалидност

924 - Исплати на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија - во случај на смрт

**93 -**

930 - **Парични одливи по основ на** преноси на средства во други пензиски фондови од промена на членство

931 - **Парични одливи по основ на** преноси на средства во други пензиски фондови од промена начленство по основ на пренос од посебна на индивидуална

**94 - Добивка/загуба од тековната финансиска година**

940 - Добивка/загуба за тековната финансиска година

**95 - Акумулирана добивка/загуба од претходните години**

950 - Акумулирана добивка/загуба од претходните години

951 - Добивка за финансиската година

**96 - Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба**

960 - Ревалоризација на краткорочните хартии од вредност и уделите во отворени инвестициони фондови кои се раположиви за продажба

961 - Ревалоризација на хартии од вредност од домашни издавачи раположиви за продажба

962 - Ревалоризација на хартии од вредност од странски издавачи расположиви за продажба

963 - Ревалоризација од вреднување на хартии од вредност со кои не се тргува на регулиран пазар и се расположиви за продажба

**Прилог 2**

Основни финансиски извештаи на пензискиот фонд се:

1. Образец бр.1 Извештај за нето средствата на пензискиот фонд
2. Образец бр.2 Извештај за работењето на пензискиот фонд
3. Образец бр.3 Извештај за промените на нето средствата
4. Образец бр.4 Финансиски показатели според сметководствените единици
5. Образец бр.5 Извештај за бројот на сметководствени единици

**Образец бр.1**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД
## на ден _______________

| реден број | група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Белешки | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 10 | Парични средства | | | |
| 2 | 11 | Побарувања од продажба на хартии од вредност | | | |
| 3 | 12 | Побарувања по основ на вложувања | | | |
| 4 | 13 | Побарувања од Фондот на ПИОМ | | | |
| 5 | 14 | Побарувања од други пензиски фондови | | | |
| 6 | 15 | Побарувања за дадени аванси | | | |
| 7 | 16 | Побарувања од пензиските друштва или чуварот на имот | | | |
| 8 | 17 | Побарувања од државата и други институции | | | |
| 9 | 18 | Побарувања за хартии од вредност купени директно од издавачот | | | |
| 10 | 19 | Платени трошоци за идните периоди и недостасана наплата на приходи (АВР) | | | |
| 11 | | **Вложувања во хартии од вредност и депозити (12+13+14)** | | | |
| 12 | 3 | Финансиски средства кои се чуваат за тргување | | | |
| 13 | 4 | Финансиски средства кои се расположливи за продажба | | | |
| 14 | 5 | Финансиски средства кои се чуваат до достасување | | | |
| 15 | | **ВКУПНО СРЕДСТВА (збир од 1 до 11)** | | | |
| 16 | 20 | Обврски за неконвертирани придонеси | | | |
| 17 | 21 | Обврски по основ на вложување во хартии од вредност, депозити и пласмани | | | |
| 18 | 22 | Обврски за исплата на пензии / пензиски надоместоци спрема членовите на пензискиот фонд - достасани и неисплатени | | | |
| 19 | 23 | Обврски за пренос на средства на други пензиски фондови по основ на промена на членство | | | |
| 20 | 24 | Краткорочни обврски за заеми и кредити | | | |
| 21 | 25 | Долгорочни обврски за заеми и кредити | | | |
| 22 | 26 | Обврски кон пензиското друштво | | | |
| 23 | 27 | Обврски за брокерски и посреднички провизии | | | |
| 24 | 28 | Останати обврски на пензискиот фонд | | | |
| 25 | 29 | Пасивни временски разграничувања | | | |
| 26 | | **ВКУПНИ ОБВРСКИ (збир од 16 до 25)** | | | |
| 27 | | **НЕТО СРЕДСТВА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (15-26)** | | | |
| 28 | | Број на издадени сметководствени единици | | | |
| 29 | | **ВРЕДНОСТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ЕДИНИЦА (27/28)** | | | |
| 30 | 90 | Парични приливи по основ на уплатени придонеси од членови на фондот | | | |
| 31 | 91 | Парични приливи по основ на пренос на средства од други фондови од промена на членство | | | |
| 32 | 92 | Парични одливи по основ на исплатени пензии односно пензиски надоместок | | | |
| 33 | 93 | Парични одливи по основ на преноси на средства во други фондови од промена на членство | | | |
| 34 | 94 | Добивка/загуба од тековната финансиска година | | | |

| редeн број | група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Белешки | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 35 | 95 | Акумулирана добивка/загуба од претходните години | | | |
| 36 | 96 | Ревалоризација на хартии од вредност расположливи за продажба | | | |
| 37 | | **ВКУПНО ОБВРСКИ ВО ОДНОС НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА (збир од 30 до 36)** | | | |

**Образец бр. 2**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД

за периодот од ________ до __________

| реден број | група на сметки или сметка | П О З И Ц И Ј А | Белешки | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во000 ден.) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | **ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | | |
| 1 | 70 | Приходи од камати и Амортизација на премијата/дисконтот на хартиите од вредност кои достасуваат на фиксен датум | | | |
| 2 | 71 | Приходи од дивиденди | | | |
| 3 | 73 | Реализирани капитални добивки | | | |
| 4 | 74- (741+742) | Позитивни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти | | | |
| 5 | 75 | Други неспоменати приходи | | | |
| 6 | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА (збир од 1 до 5)** | | | |
| | | **РАСХОДИ** | | | |
| 7 | 60 | Трошоци од работење со пензиското друштво и чуварот на имот | | | |
| 8 | 61 | Расходи по основ на камати | | | |
| 9 | 63 | Реализирани капитални загуби | | | |
| 10 | 64 - (641+642) | Негативни курсни разлики од монетарни ставки без финансиските инструменти | | | |
| 11 | 65 | Расходи за брокерски провизии и останати посреднички трошоци | | | |
| 12 | 66 | Загуба поради оштетување | | | |
| 13 | 69 | Други расходи | | | |
| 14 | | **ВКУПНО РАСХОДИ (збир од 7 до 13)** | | | |
| 15 | | **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (6-14)** | | | |
| 16 | 72-62 | Нереализирана капитална добивка/загуба од вложувања во хартии од вредност | | | |
| 17 | (741+742) - (641+642) | Нето курсни разлики од вложување во финансиски инструменти | | | |
| 18 | | **ВКУПНО НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ/ЗАГУБИ ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ (16+17)** | | | |
| 19 | | **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД РАБОТЕЊЕ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (15+18)** | | | |

**Образец бр. 3**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА

за периодот од ________ до __________

| **Ознака на позицијата** | **Група на сметки** | **П О З И Ц И Ј А** | **Претходен период (во 000 ден.)** | **Тековен период (во000 ден.)** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД РАБОТЕЊЕ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД** | | |
| 1 | **Образец 2 позиција 15** | НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД ВЛОЖУВАЊА | | |
| 2 | **Образец 2 позиција 18** | Вкупно нереализирана добивка/загуба од вложувања во хартии од вредност | | |
| 3 | 96 | Ревалоризација на хартиите од вредност расположливи за продажба | | |
| 4 | | **ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД (1+2+3)** | | |
| 5 | 90 | Парични приливи по основ на уплатени придонеси | | |
| 6 | 91 | Парични приливи на средства од други пензиски фондови од промени на членство | | |
| 7 | 92 | Парични одливи по основ за исплатени пензии / пензиски надоместок | | |
| 8 | 93 | Парични одливи на средства во други пензиски фондови од промена на членство | | |
| 9 | | **ВКУПНО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ОД ТРАНСАКЦИИ СО СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД(5+6+7+8)** | | |
| 10 | | **ВКУПНО НАМАЛУВАЊЕ/ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НЕТО СРЕДСТВАТА (4+9)** | | |
| | | **НЕТО СРЕДСТВА** | | |
| 11 | | На почетокот на периодот | | |
| 12 | | На крајот на периодот (10+11) | | |
| | | **БРОЈ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ** | | |
| 13 | | Издадени сметководствени единици врз основа на уплатени придонеси | | |
| 14 | | Издадени сметководствени единици врз основа на пренос на средства од други пензиски фондови од промена на членство | | |
| 15 | | Повлечени сметководствени единици врз основа на исплата на пензии / пензиски надоместоци | | |
| 16 | | Повлечени сметководствени единици врз основа пренос на средства во други пензиски фондови од промена на членство | | |
| 17 | | **БРОЈ НАСМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ (13+14+15+16)** | | |

**Образец бр. 4**

## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ СПОРЕД СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ ЕДИНИЦИ

за периодот од ______ до _________

| Ознака на позицијата | П О З И Ц И Ј А | Претходен период (во 000 ден.) | Тековен период (во000 ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | Вредноста на нето средствата на пензискиот фонд по сметководствена единица на почетокот на периодот | | |
| 1 | Нето средства на пензискиот фонд на почетокот на периодот | | |
| 2 | Број на сметководствени единици на почетокот на периодот | | |
| 3 | **Вредност на сметководствената единица на почетокот на периодот (1/2)** | | |
| | Вредноста на нето средствата на пензискиот фонд по сметководствена единица на крајот на периодот | | |
| 4 | Нето средства на пензискиот фонд на крајот на периодот | | |
| 5 | Број на сметководствени единици на крајот на периодот | | |
| 6 | **Вредност на сметководствената единица на крајот на периодот (4/5)** | | |
| | **ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОКАЗАТЕЛИ И ПОДАТОЦИ** | | |
| 7 | Однос помеѓу расходите[1] и просечните нето средства на пензискиот фонд [2] | | |
| 8 | Однос помеѓу нето добивката/загубата од вложувањата на пензискиот фонд и просечните нето средства на пензискиот фондот [3] | | |
| 9 | Стапка на принос на пензискиот фонд [4] | | |

[1] показателот се добива кога збирот од позициите 7 и 11 од Образецот бр. 2 ќе се подели со просечните нето средства на пензискиот фонд;

[2] просечните нето средства на пензискиот фонд се добиваат кога збирот на вредностите на нето средствата на пензискиот фонд од последниот пресметковен ден од месеците во периодот кој е предмет на анализа ќе се подели со бројот на месеците;

[3] показателот се добива кога позицијата 15 од образецот бр.2 ќе се подели со просечните нето средства на пензискиот фондот;

[4] се пресметува согласно формулата од Правилникот за проценка на средствата на задложителните и доброволните пензиски фондови.

**Образец бр. 5**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА БРОЈОТ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИ ЕДИНИЦИ
**за периодот од ______ до _________**

| реден број | П О З И Ц И Ј А | Број на сметководствени единици | Извори на средствата на фондот |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1 | На почетокот на периодот | | |
| 2 | Издадени сметководствени единици врз основа на уплатени придонеси во текот на периодот | | |
| 3 | Издадени сметководствени единици врз основа на пренос на средства од други пензиски фондови од промена на членство во текот на периодот | | |
| 4 | Повлечени сметководствени единици врз основа на исплата на пензии / пензиски надоместоци | | |
| 5 | Повлечени сметководствени единици врз основа пренос на средства во други пензиски фондови од промена на членство | | |
| 6 | Вкупен број на сметководствени единици на крајот на периодот | | |

| **Вредност на сметководствената единица** | |
|---|---|
| На почетокот на периодот | |
| На крајот на периодот | |

**Прилог 3**

Дополнителни финансиски извештаи се:

1. Образец бр.6 Извештај за структурата на инвестициите на пензискиот фонд
2. Образец бр.7 Структура на инвестициите на пензиските фондови по видови на финансиски средства
3. Образец бр.8 Структура на инвестициите по видови на финансиски средства и метод на проценка
4. Образец бр. 9 Извештај за реализираните добивки и загуби на пензискиот фонд
5. Образец бр.10 Извештај за нереализираните добивки и загуби за пензискиот фонд

**Образец бр. 6**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУКТУРАТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ НА ПЕНЗИСКИОТ ФОНД

на ден ___________________

**(1) Акции**

| ОПИС | Бр. на акции | Трошок на набавка по акција (во ден.) | Вкупен трошок на набавка (во ден.) | Вредност на акцијата на денот на известување | Вкупна вредност на денот на из-вестување (во денари) | % од издавачот | % од вредноста на пензискиот фонд | Модел на вложување 1/ | Метод на проценка 2/ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| Обични акции | | | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | | | |
| Акции во затворени инвестициони фондови | | | | | | | | | |
| **Вкупно вложувања во акции издадени во Република Северна Македонија** | | | | | | | | | |
| Обични акции | | | | | | | | | |
| Приоритетни акции | | | | | | | | | |
| Акции во затворени инвестициони фондови | | | | | | | | | |
| **Вкупно вложувања во акции издадени во странство** | | | | | | | | | |
| **Вкупно вложувања во акции** | | | | | | | | | |

**(2) Обврзници**

| ОПИС | Номинална вредност | Трошок на набавка (во денари) | Вкупна вредност на денот на известување | % на издавачот | % од вредноста на пензискиот фонд | Модел на вложување 1/ | Метод на проценка 2/ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | **(во денари)** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | **7** | **8** |
| Обврзници издадени или гарантирани од Владата на Република Северна Северна Македонија | | | | | | | |
| Обврзници издадени или гарантирани од Народна Банка на Република Северна Македонија | | | | | | | |
| Обврзници издадени или гарантирани од банки | | | | | | | |
| Обврзници издадени од акционерски друштва, освен банки | | | | | | | |
| Обврзници и други хартии од вредност издадени од домашни единици на локална самоуправа | | | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во обврзници издадени во Република Северна Македонија** | | | | | | | |
| Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки | | | | | | | |
| Обврзници и други хартии од вредност издадени од странски единици на локална самоуправа | | | | | | | |
| Обврзници и други должнички хартии од вредност - издадени од странски компании и банки | | | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во обврзници издадени во странство** | | | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во обврзници** | | | | | | | |

**(3) Други должнички хартии од вредност и удели во отворени инвестициони фондови**

| **ОПИС** | **Номинална вредност** | **Трошок на набавка (во денари)** | **Вкупна вредност на денот на известување (во денари)** | **% на издавачот** | **% од вредноста на пензискиот фонд** | **Модел на вложување 1/** | **Метод на проценка 2/** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | **7** | **8** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трезорски записи издадени од Владата на Република Северна Северна Македонија | | | | | | | |
| Благајнички записи издадени од Народна Банка на Република Северна Северна Македонија | | | | | | | |
| Сертификати за депозит и комерцијални записи издадени или гарантирани од банки | | | | | | | |
| Хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки | | | | | | | |
| Комерцијални записи издадени од акционерски друштва, освен банки | | | | | | | |
| Удели во отворени инвестициони фондови | | | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во други должнички хартии од вредност и удели во инвестициони фондови во Република Северна Македонија** | | | | | | | |
| **Удели во странски отворени инвестициони фондови** | | | | | | | |
| Трезорски записи издадени од странски влади | | | | | | | |
| Благајнички записи издадени странски централни банки | | | | | | | |
| Комерцијални записи издадени од странски компании и банки | | | | | | | |
| Удели во отворени инвестициони фондови | | | | | | | |
| Други ненаведени хартии од вредност | | | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во други должнички хартии од вредност и удели во инвестициони фондови издадени во странство** | | | | | | | |
| **Вкупно инвестиции во други должнички хартии од вредност и удели во отворени инвестициони фондови** | | | | | | | |

**(4) Пласмани и депозити**

| ОПИС | Трошок за набавка<br>(во денари) | Вкупна вредност на денот на извештајот<br>(во денари) | % од вредноста на пензискиот фонд |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Краткорочни депозити | | | |
| Долгорочни депозити | | | |
| Останати пласмани | | | |
| **Вкупно пласмани и депозити** | | | |

1/ Модел на вложување: 1.Тргување; 2.Расположливо за продажба; 3.Доспевање
2/ Метод на проценка: 1.Пазарна цена; 2. Амортизационен план.
3/ Секој ИСИН на обврзници се прикажува со негова вредност по модел на вложување и метод на проценка.

**Образец бр. 7**

## СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ НА ПЕНЗИСКИТЕ ФОНДОВИ ПО ВИДОВИ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## на ден _______________

| ОПИС | Вкупна вредност на денот на известувањето (во денари) | Процентуален удел во вредноста на пензискиот фонд |
|---|---|---|
| Акции | | |
| Обврзници и други долгорочни должнички хартии од вредност | | |
| Краткорочни хартии од вредност | | |
| Акции и удели во инвестициони фондови | | |
| Парични средства | | |
| Пласмани и депозити | | |
| Останати средства | | |
| Вкупно средства | | |

| 2.Обелоденување на валутна структура на финансиски инструмент | | |
|---|---|---|
| Валутна структура | Вкупна вредност на денот на известувањето (во денари) | Процентуален удел во вредноста на пензискиот фонд |
| МКД | | |
| ЕУР | | |
| ЕУР валутна клаузула | | |
| УСД | | |
| JPY | | |
| GBP | | |
| CHF | | |
| Други | | |
| Вкупно средства | | |
| | | |
| *Домашните парични инф. фондови се класифицирани во МКД | | |

| 3.Обелоденување на географска структура по држава на издавач на финансиски инструменти | | | |
|---|---|---|---|
| Географска структура по области | Географска структура по држави 1/ | Вкупна вредност на денот на известувањето (во денари) | Процентуален удел во вредноста на пензискиот фонд |
| Европска унија | | | |
| Други европски земји и Русија | | | |
| Северна Америка | | | |
| Јужна Америка | | | |
| Африка | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Азија | | | |
| Австралија и Океанија | | | |
| Вкупно средства | | | |
| | | | |
| *Домашните парични инф. фондови се класифицирани во Р. С. Македонија | | | |

1/ Известувањето го содржи целото портфолио за вложување на средства во секоја држава, вклучувајќи каде инвестициските фондови имаат вложување по држава

| 4.Обелоденување на економски сектор на издавач на финансиски инструменти | | |
|---|---|---|
| Структура по економски сектори согласно национална класификација на дејности 1/ | Вкупна вредност на денот на известувањето (во денари) | Процентуален удел во вредноста на пензискиот фонд |
| Република Северна Македонија 2/ * | | |
| Сектор финансии ** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| Останато (побарувања и пар. с/ва) | | |
| | | |
| Вкупно средства | | |
| * Во Р С Македонија се вклучени само државните обврзниците издадени од РСМ | | |
| ** Депозитите и домашните парични инф. фондови се вклучени во финансии | | |

| 5.Обелоденување на изложеност во први 10 издавачи на финансиски инструменти | | |
|---|---|---|
| Први 10 издавачи 3/ | Вкупна вредност на денот на известувањето (во денари) | Процентуален удел во вредноста на пензискиот фонд |

1/ Известувањето го содржи целото портфолио за вложување на средства во секој сектор, вклучувајќи каде инвестициските фондови имаат вложување по сектори

2/ Известување за вложување во државни обврзници издадени од Република Северна Македонија

3/ Известување за први 10 издавачи по процент на учество во портфолиото на пензискиот фонд

**Образец 8**

## СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ПО ВИДОВИ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА И МЕТОД НА ПРОЦЕНКА

**на ден**

